## "ЗЛАТНА БУБАМАРА" ВО ЗНАКОТ НА САШКО КОЦЕВ И

# Во ЕУ со геј парада



Долгонога убавица: Марјана Станојковска од "Бекстејџ"

Ако ѕвезда се станува според добиените аплаузи, водителот Сашко Коцев беше главна ѕвезда меѓу сите големи ѕвезди на завчерашната "Златна бубамара на популарноста". Полн со свежи и духовити досетки, "кумановац" до солзи ја насмеа преполната скопска Универзална и беше најзаслужен 13-тото издание да не биде баксузно, туку позитивно и опуштено. Низ неговото "стенд ап комеди" сценарио испрати неколку јасни пораки: фејсбукот ги отуѓува луѓето, во ЕУ ќе влеземе само со геј парада во Скопје, а народот во Македонија е разубавен поради црно-белите фотографии во биометриските пасоши.

Во недостиг на домашни поп-ѕвезди, оваа година имавме четири балкански. Ретка можност е во една вечер, на истата сцена да ги видите авангардниот Оливер Мандиќ со песната посветена на Toшe, секогаш насмеаниот Бајага, легендата Звонко Богдан со неговите тамбураши и Масимо Савиќ со "Елено ќерко", за жал, на плејбек. Бубамара и оваа година боцкаше со актуелните македонски приказни. Добар дел од шоуто беше посветен на хит серијата "Илјада и една ноќ", па организаторите направија инс-



Сашко Коцев го испочитува кралот: месечевиот од на Мајкл Џексон одлично го извежбал



Тони Зен, Слаткаристика и Џеј-Џеј до солзи се смееја во публиката

# БАЛКАНСКИТЕ ЅВЕЗДИ

## Награди

За 40-годишен јубилеј беа наградени "Златните славејчиња", за детска претстава "Доктор Офболи", а за хип-хоп артист Слаткаристика. Најдобри актери се Дејан Лилиќ и Јелена Жугиќ, најдобра претстава "Госпоѓа министерка" со Весна Бејби. Нај ТВ-емисии се "Бекстејџ", "Ексклузив", "Зевзекманија" и "Пулс", а ТВ-водител е Трендо. По 30 години чекање, Бубамара ја награди "Високи штикли" за хит на годината. Легендите "Конкорд" се појавија, а хитот го изведе Бени Шакири. Дани доби награда за борбата против сидата. За најдобар албум е прогласен албумот на Зоран Џорлев и продуцентот Александар Митевски "Не кажувај либе", а музички проект "Македонското срце чука во седум осмини" на семејството Тавитјан. Гаро јуниор доби награда за најдобар продуцент, а "Елено моме" на "Томато" за најдобар спот.

Звонко Богдан и Вања Лазарова се наградени за животно дело, а Оливер Мандиќ за трајни вредности. Албумот "Најтешкото нешто" на Тоше Проески е прогласен за балкански албум на годината.





Бајага го награди Звонко Богдан за животно дело

ценирано доцнење на претставата која наместо во 20 часот, почна кога заврши "Шехерезад". Домашни музички ѕвезди на вечерта беа Тони Зен и Слаткаристика. Маестралната Вања Лазарова доби петминутен аплауз за "Со маки сум се родила". Фалеа наградите за пејачка на годината, група на годината и концерт на годината. Ова веројатно значи дека Македонија имаше слаба музичка година.

"Како ли ви успеа ова? Вакво шоу никогаш нема да се случи на хрватскиот Порин. Три часа се смеев", коментираше Масимо Савиќ на коктелот потоа.

Сценариото за шоуто го напишаа Ранко Петровиќ и "Рок-барок" академија.

**_М.Џаровска_**

Фото: Д. Перковски

